**20131864607**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013 и 91/2013), а во врска со член 11-а од Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на средствата на Фондот (број 33/2010, 44/2010, 65/2010, 127/2010, 33/2011, 181/2011 и 164/2012 год.), Управниот Одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 24 декември 2013 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СКАПИ ЛЕКОВИ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА РЕЦЕПТ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Како скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување, а се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, во смисла на Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на средствата на Фондот, се утврдуваат следните лекови:

| Р.бр | АТЦ код | Генеричко име-INN | Фармацевтска дозажна форма | Јачина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | A05AA02 | Ursodeoxycholic acid | Перорална суспензија | 250 mg/5ml |
| 2 | A07EC02 | Mesalazine | Супозитории | 500mg |
| 3 | A07EC02 | Mesalazine | Клизми | 4g/60ml |
| 4 | A09AA02 | Amilase + Lipase + Protease / Pankreatin | Капсули | 8000E+10000E+600E (150mg) |
| 5 | A09AA02 | Amilase + Lipase + Protease / Pankreatin | Капсули | 18000E+25000E+1000E (300mg) |
| 6 | H01BA02 | Desmopressin | Назален спреј | 0,1mg/ml |
| 7 | H01BA02 | Desmopressin | Таблети | 0,2mg |
| 8 | J05AB04 | Ribavirin ** | филм обл тбл/ капсули | 200mg |
| 9 | J05AF05 | Lamivudine | Таблети/Филм обложени таблети | 100mg |
| 10 | L04AA01 | Ciclosporin | Капсули | 25mg |
| 11 | L04AA01 | Ciclosporin | Капсули | 50mg |
| 12 | L04AA01 | Ciclosporin | Капсули | 100mg |
| 13 | L04AA01 | Ciclosporin | Раствор за орална употреба | 100mg/ml |
| 14 | L04AA05 | Tacrolimus | Капсули | 1mg |
| 15 | L04AA05 | Tacrolimus | Капсули | 0,5mg |
| 16 | L04AA06 | Mycophenolic acid | Таблети/Филм обложени таблети | 180mg |
| 17 | L04AA06 | Mycophenolic acid | Таблети/Филм обложени таблети | 360mg |
| 18 | M05BA02 | Clodronic acid | Капсули | 400 mg |
| 19 | M05BA02 | Clodronic acid | Филм обложени таблети | 800 mg |
| 20 | N02AA01 | Morphine | Подјазична таблета | 20mg |
| 21 | N03AX14 | Levetiracetam | Раствор за орална употреба | 100 mg/ml |
| 22 | N04BC05 | Pramipexole | Таблети со продолжено ослободување | 3mg |

Член 2

Здравствените установи аптеки се должни да ги фактурираат реализираните рецепти за лековите од член 1 на оваа одлука во посебна фактура за Фондот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.01.2014 година.

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 148/2012).

Број 02-19797/1
25 декември 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ангел Митевски,** с.р.